Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 30/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 17 февруари 2023 година, врз основа на примена жалба од Борјан Гаговски, дел од „Иницијативата – Сите за МКЦ" за Телевизија Сител, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ
НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 јануари 2023 година, Борјан Гаговски, дел од иницијативата Сите за МКЦ поднесе жалба за објавата и видео прилогот „Вработените во МКЦ на протест пред Град Скопје – Арсовска ги обвини дека лажат“, објавен на Телевизија Сител.

Во жалбата се наведува дека во видео прилогот неколку пати се кажува дека претставниците од иницијативата „Сите за МКЦ“ се вработени во МКЦ а всушност ниту еден од нив не е вработен во МКЦ. Тие јасно кажале дека се група на уметници и засегнати граѓани но дека насловот и содржината на прилогот директно го посочува спротивното.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со Телевизија Сител и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од Телевизија Сител соопштија дека се извинуваат поради ненамерната грешка, но дека мора да потенцираат дека истата потекнува поради тоа што ниту еден од присутните кои давале изјави за медиумите не даде прецизна информација дали се вработени или не во Младинскиот културен центар – МКЦ и дека говорниците кажале само име и презиме и нивна професија. Сител телвизија истотака информираше дека објавиле демант и дека ја корегирале оргиналната сордржина и како потврда за тоа испратија линк.

Во комуникацијата со Советот за етика во медиумите, подносителот на жалбата Борјан Гаговски, дел од „Иницијативата - Сите за МКЦ“, информираше дека го прифаќаат извинувањето, односно објавата на демантот и промената на оргиналаната содржина.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595